Воислав Д. КУШЕВСКИ

# ЗА ЕДУКАТИВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ИЛИНДЕНСКИТЕ ДЕМОНСТРАЦИИ ВО ПРИЛЕП 1940 Г.

Науката за наставата по историја (Методиката на наставата по историја) меѓу своите задачи го има и постојаното истражување и избор на историските факти, односно настани или личности, кои имаат важно место во воспитно-образовниот процес[1]).

Оваа задача особено се однесува на најновите резултати на историографијата за од нив да ги одбира оние што треба да се вградуваат како стандардни и задолжителни содржини во наставните програми за да се обработуваат во учебниците т.е. во наставата по историја. И XII-иот по ред југословенски симпозиум за наставата по историја, одржан кон крајот на август 1986 г. во Осијек, поаѓајќи од горните теоретски поставки, целосно беше посветен токму на внесување нови резултати на историографијата во дотичната настава.

На ваквите иновации повеќе би требало да инсистира „националната" методика на наставата по историјата, дотолку што современата македонска историографија доаѓа до нови вистини, односно открива нови страници од историјата на македонскиот народ и на Македонија воопшто.

На ова прашање ние му приоѓаме и од други теоретски барања на оваа специјална дидактика. Имено, таа препорачува да се образува и воспитува низ *конкретен* материјал, да се одбегнува фразирањето, апстракцијата или соопштувања *готови* определби или формулации, на „суви констатации" и сл.[2]) Меѓутоа, со оглед на мошне стеснетиот простор и време за наставата по историја, што ѝ го доделија последните измени на на-

---

[1]) И. В. Гитис, Методика основне наставе историје, Београд, 1949, стр. 5, 6; А. А. Вагин, Методика обучения истории в школе, Москва 1972. стр. 9, 11; В. Г. Карцов, Методика преподавания истории в начальной школе, Москва 1959, 4—5; Зл. Поповиќ, Методика наставе историје, Бгд. 1971, 55.

[2]) Златибор Поповиќ, цит. дело, стр. 51.

ставните планови и програми во средното образование, наставните содржини се сведуваат на елементарна фактографија лишени од конкретизација и анализа, а на доста обопштености.

Така, кога би фрлиле и површен поглед врз одделните делови во учебниците по историја каде што се обработува, на пример, историјата на предвоена Југославија, како фрази звучат местата во кои станува збор за „класната борба", а посебно за „консолидацијата на КПЈ" (по доаѓањето на Јосип Броз на нејзино чело), или како делувала КПЈ како „авангарда на широките народни маси" во борбата „со класниот непријател" за „национални и социјални права" и сл.

Или, во наставниот процес, а и надвор од него, присутно е не само кај Македонците, туку ширум земјата и кај младите генерации, како историско сознание како градот Прилеп да е случајно определен, — по отстранувањето на Методија Шаторов — Шарло од Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, на даден сигнал т.е. на 11 октомври 1941 г. да го отпочне оружените востание на македонскиот народ т.е. без да се обработуваат соодветните претпоставки за ваквиот крупен историски чин.

Според нас, до ова доаѓа и оттаму што при изборот на наставните содржини не се посветува доволно внимание на конкретизацијата и експликацијата на наставниот материјал од историјата на Кралството меѓу двете светски војни, посебно (од 1938, 1939, 1940) на времето на консолидацијата на КПЈ, по доаѓањето на Тито за нејзин генерален секретар, а тоа се и години на револуционерно бранување што ја зафаќа нашата земја, а и Вардарска Македонија. Тоа е времето на политичката криза на режимот, време на вриежи во земјата, кога противречностите, присутни во Кралството, се изоструваат и изразуваат уште повеќе откако избувнува Втората светска војна и кога се почувствува немаштија, придружена и со настојувањето на владеачките кругови да се угледаат дури и на фашистичкиот начин на владеење и одржување на власта...

На сево ова масите пофреквентно и при разни поводи ги изразуваат негодувањата и стремежите и тоа *јавно,* низ демонстрации, при што доаѓа до отворени судири со полицијата и жандармеријата, не само против експлоатацијата, туку со барање за демократска преобразба на земјата, за граѓански и политички слободи, против фашизацијата на земјата и реакционерната надворешна политика на владата Цветковиќ—Мачек, со пароли против војната, за збринување на сиромашните семејства чии хранители со месеци биле повикувани во воените единици (за вежба и сл.). Овие демонстрации се *масовни* и во нив земаат учество претежно младите прогресивни луѓе, припадници на антифашистичкото народнофронтовско движење,

Скоевците, членовите и симпатизерите на КПЈ, а ваквите јавни истапувања се *организирани, раководени* и *предводени* од КПЈ.

Овој револуционерен бран и ваквата политичка активност на масите, ја зафаќа и Вардарска Македонија. Во одделните градови во Македонија (Куманово, Скопје, Велес) исто така биле забележани масовни истапувања, било во вид на штрајкови, демонстрации или јавни собири и сл. на кои доаѓаат до израз обележаните стремежи и на македонските работни маси. И овде демонстрациите имаат јасен белег против фашизмот и војната и фашизација на земјата, против силите на Оската, кои ја започнаа Втората светска војна...

Покрај тоа што со овие јавни истапувања народот во Македонија им се придружил на општите актуелни политички барања на југословенските работни маси од градот и селото, на демонстрациите во Македонија пред јавноста и власта доаѓаат до израз и националните стремежи т.е. истакнувани се барања и за *национални права,* за извојување своја национална слобода и рамноправност.

Но се поставува прашање — дали сето тоа што се манифестирало и изразувало во Македонија доволно се конкретизира и во наставата?

Наспомнувајќи дека одговорот на ова прашање се наоѓа во нашето досегашно излагање, истовремено сугерираме дека доколку наставникот ќе посака конкретен материјал за преку него најсликовито да го илустрира дотичното време, политичкото расположение на македонскиот народ — типичен настан низ којшто тогаш тоа се изразило, — според нас — тоа се *Илинденските демонстрации во Прилеп 1940 година.*

Поаѓајќи од анализата и поуките од настанот т.е. од сè што станувало тие денови во Прилеп и на самиот ден — Илинден 1940 година, овој настан е од таква природа и значење што на него *ќе мораме да се запираме* во наставата.

Имено, станува збор за историски материјал кој е податлив и мошне содржаен за дидактичка анализа и поука. Од него може многу да се научи, заклучи и сфати за времето и луѓето кои тогаш ја создавале историјата, меѓу другото и за тоа — каква била состојбата и на работничкото, антифашистичкото движење или состојбата и силата на КПЈ, и посебно на партиската организација во Македонија по доаѓањето на Тито и др. Станува збор за настан кој по своето значење ги надминува рамките на историјата на Прилеп и Прилепско, зашто го носи белегот на времето што погоре во кратки наспомнувања го набележавме.

*
* *

На пример, при анализата треба да се појде од фактот дека на акцијата (од 2 август 1940 г.) ѝ претходеле повеќе состаноци на Месниот комитет на КПЈ во Прилеп и дека спроти Илинден Комитетот заседавал до доцна во ноќта, каде било договорено — излетот да се претвори во демонстрација, потоа, како требало да се одвива истата, биле определени и говорници како и други поединости.

При тоа покрај *организационата оспособеност*, пројавена е и *идејно-политичка зрелост*, изразена меѓу другото, и во тоа што Партиската организација во Прилеп настапила во духот на актуелните политички борбени задачи на југословенските комунисти што пред нив ги поставила КПЈ.

А тоа било изразено во тоа што демонстрациите не биле насочени исклучиво кон Илинден 1903 г. т.е. кон „далечното минато“, зашто со таквата ориентација — наведува Коце Солунски[3]) — „би се изневериле и себе си и прогресот“, туку празникот (Илинден) да биде „претворен во протестна реч против социјалните и националните неправди т.е. на она што можело практично да се оствари, кое би имало воздејство врз широките слоеви на народот“, имено, говорниците што е можно „повеќе да се задржуваат на внатрешните проблеми“.[4])

Покрај ова, Илинденските демонстрации во Прилеп 1940 год. го имаат белегот и на своевиден класен судир. Зашто во градот на одгледувачите на тутунот (како индустриска култура), и на монополските работници, кои зеле учество во демонстрациите и со отворени лозунги истапиле против работодателите, посебно против оние кои што несоодветно го вреднувале тешкиот и корав труд на тутунопроизводителите и работниците во монополот[5]), — од особено значење е што овој настан нема да делува апстрактно кај учениците, туку како показ или „нагледен“ пример за еден облик на класен судир кој бил предводен од работничката партија. Имено, на една страна на улиците настапувале монополските работници, тутунопроизводителите придружени од работните градски слоеви и од напредната интелигенција, главно студентска и училишна младина, на чело со партиската организација — а од спротива им доаѓале претставниците на режимот, на власта, кои на улиците ја извеле жандармеријата.

---

[3]) Коце Солунски, Кузман Јосифовски — Питу, кн. I, Скопје 1973, стр. 108.

[4]) Исто.

[5]) Љубен Лапе, Одбележувањето на Илинден меѓу двете светски војни во Македонија и сред македонската емиграција. — МАНУ, Свечен собир посветен на Илинден, одржан на 16. X. 1973, Скопје 1974, стр. 20, 21.

Тоа на што посебно треба да се сврти вниманието е што и на 2 август 1940 година и во овој град — Прилеп, во Вардарска Македонија, *јавно и мошне гласно, на улиците,* дошол до израз степенот на националната зрелост т.е. на од поодамна присутната и зрела македонска национална свест.

Да се потсетиме дека уште на излетничкото место се пееле македонски револуционерни песни за Питу Гули и Мечкин камен, се извикувале пароли и се говорело за востанието на македонскиот народ на Илинден 1903 г. и др.[6]) Движејќи се низ улиците демонстрантите, покрај другите пароли, пееле револуционерни песни, меѓу кои „Слободата е мила — слободата е сè, за неа се живее за неа се мре! ... Македонија слободна, слободна, слободно ќе живее„![7]) Пред насобраната маса говорниците ги потсетувале присутните на Илинденското востание, за борбата на македонскиот народ за своја слобода. Како прв говорник Борка Талески укажувал на Илинден како на голем револуционерен празник на македонскиот народ, за храброста на востаниците што паднале за слободата на Македонија... и дека „второто Илинденско востание мора да биде победоносно!" Трајко Бошковски — Тарцанот зборувал за националните права на македонскиот народ, за Илинденските востаници и дека „ние треба да го продолжиме нивното дело..." додека Кузман Јосифовски Питу ги поттикнувал младинците — демонстранти да извикуваат пароли „За слобода!", „За Македонија!" и други, а пред насобраниот народ извикувал дека е „дојдено времето кога треба *јавно* да ги искажеме нашите желби" .„Ние Македонците сакаме да живееме слободно..." и дека ќе му се одговори на режимот „со единствена тупаница на потиснатите", на „илинденските наследници" и дека „... ние сме веќе цврсто зачекорени кон довршување на нивното големо дело...". Кузман упатил завршни зборови кои визионерски звучат, дека „денешнава демонстрација ќе биде искра за распламтување на борбата за ослободување на Македонија. Ние нема да бидеме сами, нам ќе ни помогнат братските народи на Југославија, кои исто така стенкаат под овој режим„[8]) и дека „на величенствен начин е прославен големиот македонски празник."[9])

Значи, и покрај тоа што организаторите им дале актуелен политички белег, на демонстрациите особено дошол до израз и националниот момент. Впрочем тие се одржани на Ден — Илинден, денот на празникот на македонскиот народ.

---

[6]) Коце Солунски, цит. дело, стр. 108.

[7] Благоја Талески, Коце Солунски, Прилепска хроника во НОБ, Прилеп 1982, стр. 49, 50.

[8]) Исто.

[9]) Ibidem.

Демонстрациите биле и своевиден испит за членовите на КП.

Со својот личен пример, тие се осведочиле како смели, непоколебливи борбени кадри кои биле готови да се судрат и спротивставаат лице в лице со органите на власта. Меѓу нив во првите редови биле партиски кадри, идејно-политички изградувани и со борбено искуство пред сѐ сред напредната студентска младина на Белградскиот и Загрепскиот универзитет.

Меѓу нив посебно се издигнува фигурата на Кузман Јосифовски — Питу, кој на овие демонстрации се покажал како лик во кој се сочетани особини на пролетерски револуционер, кој во новонадојдените бурни и динамични времиња и услови се обликувал како политички созреан член на КПЈ — кој попримил доста борбени искуства сред белградската напредна студентска средина, којшто истовремено ги носел и пројавувал и борбените традиции на својот народ.

А некои од организаторите и предводниците на Илинденските демонстрации 1940 година, ќе станат и членови на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија.

Тоа се кадри кои и подоцна ќе се осведочат како верни на идеалите и интересите на работничката класа и на стремежите на народните маси, кои застануваат на чело на борбата на македонскиот народ за своја национална слобода, кои и во народноослободителната борба, во борбата против германскиот, италијанскиот и бугарскиот окупатор нема да поткleкнат... Дел од учесниците на овие демонстрации ќе бидат и организатори и актери на востаничкиот чин на 11 октомври 1941 година во Прилеп. Не мал број од нив ги положија и своите животи во Народноослободителната војна (Борка Талески, Трајко Бошковски—Тарцанот, Вера Цививири, Кузман Јосифовски и други).

Покрај укажувањето на значењето на настанот од 2 август 1940 година во Прилеп, во наставниот процес треба да се нагласува дека Партијата, не само во Прилеп, ги продолжувала уште повеќе своите активности независно што полицијата ги засилувала прогоните, и што се чувствувале реперкусиите, со апсења, судења, гонењето на напредните сили по градовите, поради што некои од партиските активисти преминувале во илегалност. Меѓутоа, со оглед на огромното влијание на комунистите сред масите, полицијата не можела да ја запре натамошната дејност на Партиската организација. Во времето по 2 август 1940 година, во Прилеп се засилувала партиската активност, изразена во јакнењето на организацијата „Народна помош", со зголемувањето на бројот на партиското и скоевско-

то членство, а штрајкачкиот бран и натаму се надига. Партијата била активна и во одбраната на Урсовите синдикати и сл.[10])

Ваквиот подем на Партијата во целата земја наишол на соодветен одраз и во Вардарска Македонија. Затоа и можело да се одбележи во Извештајот на Покраинската конференција на КПЈ за Македонија, одржана на 7 септември 1940 година во Скопје, дека партиската дејност бележи успех на сите полиња последните месеци, дека комунистите стануваат раководни фактори во работничките средини, а нивните акции се сè повидливи, особено преку штрајковите, демонстрациите, а бројот на членството е во пораст, посебно со опфаќање на младината и жените. Спомената е и партиската организација во Прилеп и големата Илинденска демонстрација...[11]) Како што е познато, на оваа Покраинска конференција е избран и ПК за Македонија, како и делегати за V-тата земска конференција на КПЈ, одржана во октомври 1940 год. во Загреб.

*

* *

Резултатите од овие демонстрации несомнено сведочат дека оваа акција не само што била организирана од Партиската организација во Прилеп и дека била резултат на нејзиното организационо зајакнување, односно дека била не само зајакната, туку и *оспособена* идејно-политички а и *зрела* и *спремна* да реализира ваква бележлива демонстрација со несомнен, значаен и подолготраен политички ефект![12]) Овој настан го осведочил

---

10) Ацева Вера, Партиската организација во подготовките и организирањето на вооруженото востание во Прилеп 1941 година. — Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година (Материјали од научниот собир одржан на 11, 12 и 13 декември 1974 година). Скопје, 1976, стр. 19—24.

11) Коце Солунски, цит. дело, стр. 49, 50.

12) Лешко Генади — Бродски, Партиските врски на Бродско со Прилеп во текот на НОВ 1941 — 1944 година, — Прилеп и Прилепско во НОВ 1943 година (Материјали од Научниот собир одржан на 21, 22 и 23 март 1979 година), Кн. II. Скопје, 1981, стр. 192. Еве како ги искажува своите сеќавања авторот на овие сеќавања и учесникот во овие демонстрации: „Оваа демонстрација остави кај мене силен впечаток. Ме одушеви масовноста, храброста и решеноста на народот од Прилеп да се бори за својата слобода. Сето тоа како да ме сврза уште повеќе со Прилеп и партиската организација на Прилеп, давајќи ми уште поголем полет и елан во комунистичката активност во нашиот крај пренесувајќи им го на селаните сето она што го видов и доживеав во Прилеп на Илинден 1940 година."

и *политичкото влијание* односно колку КПЈ уживала *авторитет* сред широките народни маси во Прилеп, и не само во Прилеп.[13])

А тоа е времето кога Партијата иако илегална *излегла* на улиците, кога се чувствувала во јавниот живот, сред масите, сред народот, во политичкото секојдневие и кога таа го демонстрирала на само своето *присуство,* своето постоење, туку преземала и вакви крупни политички акции.[14])

Значи, како наставна содржина, овој настан со својата социјална и национална нагласка, има исклучително значење и за согледување и следење континуитетот на револуционерната и национално-ослободителната борба на македонскиот народ која што ќе се разгори кај сите наши народи и народности во 1941 година.

Затоа тој ги надминува рамките на роднокрајното... независно од тоа што има особено место и значење како материјал за обработка на роднокрајната историја на Прилеп и Прилепско.

Во смисла на реченото, би укажале дека доколку 11 октомври 1941 год. (т.е. Востанието на македонскиот народ на 11 октомври 1941) постои и ќе постои — во наставните програми по историја во СР Македонија, а спрема тоа и во учебниците односно во наставата — како посебна наставна тема (единица) односно како посебен школски час по историја, во кој што централно место како наставна содржина зазема востаничкиот акт во Прилеп на 11 октомври 1941 година, — наше мислење е дека настанот за кој што овде станува збор — Демонстрациите во Прилеп на 2 август 1940 год., — *ќе мора претходно* со доволна содржина и соодветни конкретности и анализа *да се обработува,* како „предисторија" на еден *ист историски процес,* како *сведоштво* на континуираната борба за социјални и на-

---

[13]) Обележувајќи го карактерот на овие демонстрации во Прилеп, академикот проф. д-р Кирил Миљовски, наведува дека тие„.. на најуспешен начин, се сврзуваа во едно — националната и класната компонента на народноослободителното движење. Секое раздвојување на овие два составни дела би довело до изолираност... Сите масовни манифестации од 1935—1941 година, од парламентарните и општинските избори до познатата илинденска манифестација ... во 1940 година, беа израз на таа органска сврзаност на класната и националната компонента. Тоа докажува дека прилепските комунисти беа дораснати да ја сфатат сложената ситуација и да си определат тактика којашто произлегуваше од една во основата добро разбрана револуционерна стратегија." — Кирил Миљовски, Социјално-економските корени на отпорот во Прилеп. — Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година, Скопје 1976 г., стр. 63.

[14]) Впрочем, таков беше политичкиот курс на КПЈ најавен уште во Резолуцијата на Сплитскиот пленум на ЦК КПЈ (9—10 јуни 1935), а и воопшто на КП, што го најави VII конгрес на Коминтерната.— Историјски архив КПЈ, т. II, Конгреси и земаљске конференције КПЈ 1919 — 1937, Београд 1949, стр. 358.

ционални права на македонскиот народ, за неговата определба и спротивставување на фашизмот и војната, за одбрана на земјата, за борба против фашистичките окупатори и нивните слуги, што во таа борба ја означил нејзиниот почеток и 11 октомври 1941 година т.е. НОВ и Револуцијата.

Зашто, овде постоеле револуционерни сили на чело со КПЈ, кои биле во состојба да го кренат знамето на слободата на 11 октомври 1941 година.

А едно од таквите сведоштва е тоа што се случило овде, во Прилеп на Илинден 1940 година!

Такво расположение потенцијално било присутно во секоја македонска средина тогаш!

Впрочем, сигурни сме дека од конкретната разработка и анализа на овој настан, учениците ќе осознаат дека уште во 1940 година, Партиската организација била оспособена политички и организационо да го организира и предводи народот, и дека бил своевиден испит и сведоштво на политичката зрелост на Партиската организација во градот, на нејзините кадри, да предводат и изведат една таква крупна акција која што во себе ги носи сите атрибути на организирана, политички зрела, борбена политичка демонстрација и манифестација, на смело, непоколебливо и отворено спротивставување на режимот и тоа не само на власта во Прилеп!

Значи, потребата од застапеноста на оваа наставна содржина во наставните програми, во прирачниците, односно во наставата по историја, според нас е дидактички императив од многу причини на кои што делумно веќе укажавме.[15])

Дотолку повеќе што демонстрациите во Прилеп на 2 август 1940 година се бележат како „еден од светлите датуми во историјата на Прилеп“[16]). Но ние додаваме дека настанот ги надминува локалните рамки и има и македонско и општојугословенско значење, имено „. . .Илинденските демонстрации во 1940 година имаат вонредна важност за објаснување на тоа што настанува подоцна, особено за текот и разраснувањето на Револуцијата од 1941—1945[17]).

Значи 11 октомври 1941 година во Прилеп не е случајна појава. Тој има своја предисторија. Тоа треба, во текот на своето школување да го научат и сфатат идните наши генерации. . .

---

[15]) Општо земено, ние сметаме дека во нашата историографија не му е дадено достојно место на овој настан што своевидно се одразило и во наставата по историја. Тој се допирнува, попатно коментира или фрагментарно, во составот на одредена друга тематика, статија и сл.

[16]) Алимаскоски Миле, Од дневникот на Прилеп 1940—1942, Прилеп 1952.

[17]) Кирил Миљовски, цит. дело, стр. 63.

Во оваа смисла би потсетиле и на следните зборови, искажани на Симпозиумот „Прилеп и Прилепско во НОВ 1941“ — од другарот Борко Темелковски, претседател на Организациониот одбор, имено, дека постигањата од овие собири и резултатите од овие истражувања се од значење за нашата наука, за историографијата, „меѓутоа не сум сигурен, дали доволно се користат во областа на образованието... може да се претпостави колкава е штетата ако резултатите од научните истражувања не им стануваат познати и достапни на новите генерации“[18]).

---

18) Борко Темелкоски, Воведен збор на Симпозиумот „Прилеп и Прилепско во НОВ 1941. — Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година (Материјали од Научниот собир одржан на 11, 12 и 13 декември 1974 година), Скопје, 1976 г. стр. 8.